Универзитет „Свети Кирил и Методиј“
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје

## КОНКУРС ЗА FP6 ПРОЕКТИ

Во рамки на FP6 програмата за европски проекти, во текот на декември 2005, отворен е нов повик за меѓународни проекти, кој може да биде од интерес за научно-истражувачки институции од Македонија.

Подетални информации: www.cordis.lu/fp6

## ТЕМПУС проект

На 7 и 8 декември 2005, на МФС се одржа start-up meeting на проектот **”Numerical Simulation Program in Mechanical Engineering”**, со што започна реализацијата на ТЕМПУС проектот, во кој е вклучен нашиот факултет како координатор за Македонија.

## WEB-MAIL НА МФС

Од 30.12.2005 Машинскиот факултет ќе почне да користи нов e-mail систем, така наречен web-mail.

Новиот систем ги блокира Spam пораките како и пораките кои содржат вируси.

Во многу блиска иднина сите студенти на МФС ќе се здобијат со e-mail адреса со што ќе се зголеми комуникацијата на релација наставник-студент.

## НАПРЕВАР ИНОМАК

На 26.12.2005 на нашиот факултет се одржа промоција на победниците на овогодишниот натпревар ИНОМАК 2005, организиран од GTZ TT и ПСМ фондацијата. Финалисти беа по два студентски тима од МФС и Техничкиот факултет од Битола. Првото место го освои бизнис планот **3S-Гаражна школка**, тим чиј лидер беше Благој Алексов, студент во 4-та година. Второто место го освои бизнис планот **B.Easy**, тим чиј лидер беше Игор Николиќ, студент во 5-та година.

## ТЕРЕНСКА НАСТАВА

Студентите од 9 семестар од насоката Производно машинство обавија теренска настава во Република Словенија, во периодот од 4 до 7 декември 2005 година. Теренската настава е реализирана во соработка со Универзитетот во Љубљана.



За време на теренската настава беа посетени ЕМО-Алатница Цеље, Горење од Велење, Акраповиќ - Љубљана, лабораториите на Машинскиот факултет во Љубљана. Студентите имаа можност да се запознаат со организационите структури на овие компании, како и со современите процеси и технологии на конструкција и производство на алати и производи.

## СТУДЕНТСКИ ПРОЕКТ

ПСМ (Претприемнички сервис за млади) проектот е заеднички проект на **СИНТЕФ** и Фондацијата Институт отворено општество-Македонија фокусиран на стимулирање на претприемништвото меѓу младите во Македонија. Цел на проектот е да им помогне на младите во Македонија да воспостават сопствен бизнис. ПСМ проектот организираше презентација за студентите на Машинскиот факултет на 22.12.2005 во просториите на Факултетот.

## ОТСУСТВА

1. Проф. д-р Томислав Златановски, од 22.11. до 3.12.2005 год учествуваше на KaLe-Vorkshop-от кој е во склоп на DAAD - Посебна Програма "Академска обнова на Југоисточна Европа", што се одржува на Универзитетот во Карлсруе, Германија.
2. Проф. д-р Татјана Кандикјан, од 26.11. до 16.12.2005 год. учествуваше на KaLe-Vorkshop-от кој е во склоп на DAAD - Посебна Програма" Академска обнова на Југоисточна Европа", што се одржува на Универзитетот во Карлсруе.
3. Проф. д-р Владимир Георгиевски, на 30.11.2005 год. престојуваше во СиЦГ со цел водење разговори со колегите од МФ Белград за продолжување на подготовките за соработка.
4. Проф. д-р Марко Серафимов и проф. д-р Ристо Цицонков, од 30.11. до 2.12.2005 год. учествуваа на 36-тиот меѓународен конгрес за греење, ладење и климатизација, во СиЦГ.

5. Доц. д-р Вртаноски Глигорче, од 30.11 до 3.12.2005 год учествуваше на состанокот организиран од Светската организација на интелектуална сопстве-ност, одржан во Загреб, Хрватска.

6. Проф. д-р Милан Ќосевски, доц. д-р Радмил Поленаковиќ и доц. д-р Атанас Кочов, на 2 и 3.12.2005 год. учествуваа на Меѓународната конференција: "Новата со-цијална улога на универзитетите", Софија, Бугарија.

7. Проф. д-р Љубен Дудески, доц. д-р Атанас Кочов, вон.проф.д-р Зоран Пандилов и доц. д-р Валентина Гечевска, од 4 до 7.12.2005 год, реализираа теренска настава со студентите од Институтот за производно машинство во Словенија.

8. Проф. д-р Илија Петровски и проф. д-р Константин Димитров, од 4 до 17.12.2005 год, земаа учество во работата на Меѓуродиниот Воркшоп од областа на енергетската ефиканост, што се одржа во Тирана, Албанија.

9. Проф. д-р Делчо Јованоски, во период од 5 до 12.12.2005 год престоју-ваше на Техничкиот универзитет во Софија каде што на Факултетот за германско инженерство и менаџмент образование одржа предавања на последипломски студии од подрачјето на менаџментот на квалитетот.

10.Проф.д-р Стојанчо Стојмановски на 7 и 8.12.2005 год. престојуваше во Стара Загора, Бугарија, заради увид во производството на процесна опрема за винарството - резервоари од нерѓосу-вачки челик во фабриките на HRANIN VEST.

11. Проф. д-р Тодор Аџиев , на 9 и 10.12.2005 год престојуваше во Бугарија, заради продолжување на активностите за соработка со колегите од Институтот за металознание при Бугарската Академија на науки.

12. Пом. асс. Кристина Јакимовска од 14 до 17.12.2005 год. учествуваше на меѓународна конференција "Управување со животниот циклус на транспортните средства", во Бања Врујици, Србија и Црна Гора.

13. Проф. д-р Звонимир Костиќ, од 20 до 22.12.2005 год. престојуваше во Шпанија, со цел присуство на работен состанок во врска со изработка и прием на опрема за брана "Лисиче"- Велес.

14. Проф. д-р Добро Рунчев, на 23.12.2005 год. на Вишата Техничка школа во Врање, СиЦГ одржа информативно излагање за Болоњскиот процес и за искуствата од неговата имплементација на нашиот факултет пред професорите од школата.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**09.01.2006**
**ПРВ РАБОТЕН ДЕН ВО НОВАТА ГОДИНА**

**26.01.2006**
**36 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*

**Година 2005, декември, број 45**

# ФАКУЛТЕТСКИ ИНФОРМАТОР

## КОНТИНУИТЕТ И НОВИ ВРЕДНОСТИ

**Веќе 5 години зачекоривме во 21-век кој многумина, па и ние го сметаме за синоним на новите технички исчекори, на новите предизвици, век на кој имаат право да се повикуваат само оние што се кадарни да го следат и потпомагаат таквиот развој. Континуитетот и новите вредности во работата се главните адути на вработените на Факултетот.**

**Нека така биде и во Новата 2006 година и нека истата донесе многу професионална и лична среќа на сите.**

**Милан Ќосевски**

## ЧЕТИРИ ГОДИНИ ИНФОРМАТОР

**Четири години информатор - четири години поинформирани**